Република Северна Македонија

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Бр. 0801-152/3
21.06.2019 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи во рамките на законските надлежности да прима и разгледува претставки поради сторена повреда на одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација и давање на мислења и препораки по конкретни случаи согласно член 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (сл.весник на РСМ бр.101 од 22.05.2010 год.) по поднесената претставка бр.0801 152/1 од 21.05.2019 од страна на Македонско здружение за млади правници со ул „Домбас бр,14/1-6“ Скопје, против Федерација за боречки спортови на Македонија (ФБСМ) со седиште на бул. СВ Климент Охрдиски бб. Скопје., Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 18.06.2019, донесе:

## О П Ш Т А  П Р Е П О Р А К А

Од областа на еднаквоста и дискриминацијата во родовите права во согласност со чл.21 т.6 и член 28 во врска со чл.5, чл.3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација како и чл.9 од уставот на РСМ. Федерацијата за боречки спортови на Македонија (ФБСМ) да го усогласи статутот, другите општи акти и одлуки со законот за спречување и заштита од дискриминација на начин што нема да се прави разлика помеѓу родот односно мажите и жените во организирање на натпревари од известување на клубовите за пропозиции на натпреварите т.е квалификационите услови за учество на натпреварот местото времето програмата категориите и др. за спроведување на натпреварот.

Жените и мажите треба да имаат еднакво учество во во сите области на јавниот и приватниот сектор,еднаков статус и третман во остварување на сиоте права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите од произлезени од тој развој, поради тоа оваа општа препорака се однесува на сите спортски сојузи и федерации во Северна Република Македонија.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Ул. „Кеј Димитар Влахов“ ББ Република Северна Македонија
+389 2 32 32 242 contact@kzd.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Македонското здружение на млади правници, со седиште на ул. Донбас бр.14/1-6 во Скопке, поднесе представка заверена под број 0801-152/1, на 21.05.2019 година во име на друго лице – Полициски боречки клуб „Безбедност" и Полицициски клуб за боречки спортови„7-ми Мај- Тигар, против Федерација на боречки спортови на Македонија, со седиште на бул Св. Климент Охридски б.б. Скопје.

Во образложението на представката наведува дека ФБСМ според статутот има право да организира и одржува натпревари во борење во слободен стил и борење за жени. Понатаму во представката тие објаснуваат за државното првенство во борење- слободен стил кое се оддржало во ОУ „Добре Јовановски„ во Прилеп на 14.04.2019 година, каде што женските борачи не биле третирани исто како машките борачи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај, без да се бара одговор од спротивната страна има основ за дискриминација во областа на родовите права. Настанот кој веќе се случил, не треба да се повтори, но тоа не треба да се дозволи во ниту едно спортско или било кое натпреварување Затоа, во рамките на своите надлежности комисијата ја донесе оваа општа препорака.

Доколку не постапат во согласност со оваа Општа препорака и во рок од 30 дена не ја започнат постапката за усогласување на статутите и општите акти, Федерацијата за боречки спортови на Македонија и другите спортски федерации и сојузи, можат да се соочат со правни последици предвидени во Законот за спречување и заштита од дискриминација, а заинтересираните лица кои сметаат дека се дискриминирани можат да поднесат тужба пред надлежен граѓански суд.

Претседател,

Проф. д-р Александар Даштевски